# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 12 * година VI* 22.09.2011 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, септември 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година донесена на Триесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 септември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-7293/1** | **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**22.09.2011 година** | **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** | **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и деветтата седница одржана на 21 септември 2011 година донесе

**ПРОГРАМА**

**за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година**

1.Во Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 9/10 ), во точка 7 - Преодни и завршни одредби, по алинеа 2 се додава нова алинеа 3 која гласи:

“Табеларниот преглед на градежни парцели за оттуѓување е составен дел на оваа програма“.

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 – 7244/1
21.09.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

1.-Програма за дополнување на Програмата за
работа во областа на располагање со градежно
земјиште во сопственост на Република Македонија
на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година
со Решение за објавување ...................... 2-3

2.-Табеларниот преглед на градежни парцели
за оттуѓување ....................... 4-7

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 50 примероци